Стручен труд

УДК:398.8(497.16)(049.3)

# СИСТЕМАТИЧНА И МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНА МОНОГРАФИЈА ЗА ТАЖАЛЕНКИТЕ

(Čirgić Adnan. 2016. „Crnogorska usmena tužbalica“, Cetinje: Fakultet za crnogorski jezik i književnost)

Тажачките песни или тажаленките се посебен вид лирски поетски творби во кои со елегични импровизации се оплакува нечија смрт. Фолклористите ги сметаат за составен дел на обичаите и обредите што се изведувале при смрт, закоп и помените на умрените луѓе (Пенушлиски, 2004: 143). Поради сензитивноста на поводот, а со тоа и специфичноста на самиот жанр, тие ретко биле систематски собирани и, вообичаено, постојат малку податоци за тажачките и нивните репертоари, што значително го отежнува проучувањето на овие песни. „И покрај широката примена и големата улога што тие ја имаат во животот на народот, нашите фолклористи и етнографи во минатото не можеле да им обрнат доволно внимание. Природата на тажаленките и опстановките во кои тие се импровизирале претставувале сериозна пречка за собирачите на народното творештво. Професионалните пеачки, пак, речиси никогаш не се согласувале да пеат тажаленки без мртовец“ (Пенушлиски, 2004: 144). Од тие причини, книгата на црногорскиот лингвист и универзитетски професор, Аднан Чиргиќ, насловена како „Црногорска усна тажаленка“, која претставува прва монографија во Црна Гора, посветена на овој жанр, е особено значајна не само за сопствената национална фолклористика туку и за пошироката научна јавност на Балканот.

Според Чиргиќ, тажаленката е најизразена усно-книжевна форма во Црна Гора, која во континуитет се одржала до денес, секако со извесни модификации и на надворешен и на внатрешен план. Книгата се осврнува на самиот жанр на тажаленките како лирски женски песни, нуди терминолошки доуточнувања на поимите тажаленка и тажачка и притоа се повикува на материјали објавени во последните век и половина, главно од собирачи на фолклорното наследство, иако самиот жанр е многу постар. Во тој контекст, авторот нуди преглед на тажачките песни во светската книжевност, се осврнува на нивното потекло и развој, како и на жанровското определување (иако тоа самиот го смета за залудна задача, бидејќи сите класификации се условни, а прашањето дали овие песни се обредни,

обичајни, религиозни, љубовни, семејни или сето тоа заедно е задача која допрва треба да се сработи). Во продолжение, Чиргиќ се задржува на поделбата на тажаленките, на нивните композиција и структура, мелодија и стих, на рефренот... Анализирајќи ја тажаленката како импровизација, тој ги разгледува стереотипните стихови и формули, но и феномените на постојано, професионално или платено тажење. Посебно ги проучува муслиманската тажаленка и албанската тажаленка во Црна Гора, за кои науката досега не оставила податоци, а за кои Чиргиќ тврди дека „ne mislimo da se taj repertoar drastično razlikuje od repertoara tužbalice u svjetskoj književnosti, ali je činjenica da su albanske i crnogorske tužbalice dosegle nivo i formalne i pjesničke razvijenosti kao malo đe u svijetu“ (133).

Чиргиќ говори и за машката тажаленка, чие постоење го докажува со примери, па се осврнува на лелекот како една од најзанемарените форми во науката за усната книжевност, кој ретко кој го запишувал, иако, всушност, претставува вистински природен слободен стих, можеби, единствен. Исто така, тој го анализира востановениот репертоар на тажаленки, стилските средства, некои од мотивите, хуморот, клетвите, верските и митолошките елементи итн. Посебно поглавје авторот посветува и на нарацијата во тажаленките како епски елемент во овој доминантно лирски жанр, за да заврши со особено актуелниот дел кој се однесува на дегенерацијата и згаснувањето на тажаленките, како резултат на промените во општествените околности кои го менуваат и општествениот статус на тажаленките. Чиргиќ заклучува дека индустрализацијата, урбанизацијата и сличните појави на нашево современие доведуваат до забрзано раскинување на врските со вековната традиција. Според него, тажаленките со општествено-историска содржина губат смисла и им отстапуваат место исклучиво на интимните тажачки песни, но сé почесто дури и тие почнуваат да се доживуваат како остаток од примитивизмот. Станува збор за нови трендови кои водат кон извесно табуизирање на разговорот за покојниците и нови начини на изразување на тагата, песимистички завршува Чиргиќ.

Како што забележува и Батриќевиќ, еден од рецензентите на книгата „Црногорска усна тажаленка“, неверојатна е методолошката широчина со која Чиргиќ пристапува кон темата на тажаленките (Batrićević, 2016: 407). И навистина, пишувањето на овој труд барало од авторот не само детален увид во претходниците кои се бавеле со погребните церемонии и ритуали – Војислав Ѓуриќ, Твртко Чубелиќ, Миодраг С. Лалевиќ, Вук Врчевиќ и други истакнати имиња на етнографската и фолклористичка наука на Балканот, но и во самиот

корпус на овие тажачки песни, за што сведочи инкорпорирањето на бројните примери на текстови, нотни записи и други илустрации. Пристапот на Чиргиќ е мултидисциплинарен, па покрива знаења од етнографијата, фолклористиката, антропологијата, културолошките студии итн., што нè доведува до заклучокот дека неговата монографија, освен по првичноста, е значајна и по својата сеопфатност, систематичност и темелност во изготвувањето. Како таква, таа несомнено ќе претставува појдовна точка за сите идни (а сметаме неопходни) проучувања на овој жанр и воопшто на култот на мртвите. Поради сето ова, немаме дилеми дека ова истражување на Аднан Чиргиќ претставува исклучително значаен прилог не само за темата која ја покрива и посебните науки кои ги допира туку и воопшто во културното одредување на црногорскиот народ и неговите специфики врзани за смртта како една од клучните идентитетски детерминанти.

**Литература:**


Batrićević Boban (2016) *Crnogorska usmena tužbalica* Adnana Čirgića, Lingua Montenegrina, god IX/2, br. 18, Cetinje, str. 407-409

Пенушлиски Кирил (2004) *Македонски фолклор* (Историски преглед), Скопје: Матица македонска


**Ана Мартиноска**